**20130851968**

**АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ**

Врз основа на член 39-ј ставови (4) и (10) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012 и 13/2013), и член 48 ставови (4) и (10) и член 79 ставови (4) и (10) од Законот за доброволно капитално финанирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 7/2008, 124/2010, 17/2011 и 13/2013), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седницата, одржана на 30.5.2013 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА СПОЈУВАЊЕ НА ПЕНЗИСКИ ДРУШТВА И СПОЈУВАЊЕ НА ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ

Член 1

Во Правилникот за начинот на спојување на пензиски друштва и спојување на пензиски фондови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/2011) во член 6 став (1) точката ѓ) зборот: „правила“ се заменува со зборот: „кодекс“.

Во точката з) по зборовите: „професионалните сметки“ се додаваат зборовите: „исплата на пензии и пензиски надоместоци, начинот на комуникација со Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и Централ за електронски систем за котација,“, а по зборот: „членовите“ се додаваат зборовите: „и на пензионираните членови“.

Во точката ѕ) по зборот: „членовите“ се додаваат зборовите: „и на пензионираните членови“.

Член 2

Во член 7 став (1) точката а) по зборот: „членовите“ се додаваат зборовите: „и пензионираните членови“.

Член 3

Во член 9 став (2) точката г) по зборот: „осигурување“ во седмиот ред се додава запирка и зборовите: „Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување и“.

Член 4

Во членот 11 зборовите: „директорот на Агенцијата му предлага на Управниот одбор на Агенцијата да донесе“ се заменуваат со зборовите: „Советот на експерти на Агенцијата донесува“.

Член 5

Во член 14 ставот (2) по зборот: „шема“ се додаваат зборовите: „ниту договори за исплата на пензии или пензиски надоместоци од пензиски фонд“.

Член 6

Во член 20 ставот (1) по зборот: „членови“ се додава запирка и зборовите: „пензионирани членови“.

Член 7

Во член 21 став (1) точките д), е) и ж) по зборот: „членовите“ се додава запирка и зборовите: „пензионираните членови“.

Член 8

Во членот 23 по зборот: „членови“ се додава запирка и зборовите: „пензионирани членови“.

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.01-757/7
7 јуни 2013 година
Скопје

Претседател
на Советот на експерти,
д-р **Булент Дервиши**, с.р.